| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Водата и сонцето живот значат |
| **Содржина на денот** | Три лекари |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како да одржуваме физичко  растојание дома и во градинка. Најдобро е да одржуваме растојание и кога играме.<br>Усвојување на нови навики на безбедно поздравување на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за тоа кој се важни фактори за нашето здравје. Објаснете му на детето дека сонцето,водата и воздухот се важни фактори и тие ни даваат живот. Додека разговарате најдете некоја сликовница каде што има текст и слика за сонце. Прочитајте му и посочете ги карактеристиките за сонцето. Детето може да посочува и да погодува по сликите од сликовницат. Потоа ќе ја прочитате стихотворбата „Три лекари“ неколку пати,ќе ја објасните содржината и непознатите зборови и на крајот постапно ќе ја заучувате стих по стих, строфа по строфа.<br><br>Три лекари<br><br>Сонце вода воздух<br>лекари се три<br>ако знаеш да ги цениш<br>здрав ќе бидеш ти.<br><br>Во гората често оди<br>меѓу зелен лист<br>весели се,играј скокај<br>диши воздух чист.<br>Активноста може да ја завршите со ликовна игра „Цепи –лепи“ на „Сонце“ со самолеплив хартија. |